Државната комисија за жалби по јавни набавки во состав: Томо Томовски – заменик претседател, м-р Мишо Василевски – член, Елита Шуки – член и Сузана Раваноска – член, врз основа на член 200 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на „3 СТ“ ДООЕЛ Скопје, наш број 08-187/1 од 29.03.2017 година, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.11-187/3 од 20.03.2017 година донесена по Огласот за доделување договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.01-137/2016, за набавка на стоки – масла за моторни возила за РЕК Битола и РЕК Осломеј на договорниот орган АД Електрани на Македонија - Скопје, врз основа на член 220 став (1) алинеја 4 и став (3) од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.27/2015, бр.78/2015, бр.192/2015, бр.27/2016 и бр.120/2016), на 18-та Седница одржана на ден 12.04.2017 година го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**1. Жалбата** на жалителот на „3 СТ“ ДООЕЛ Скопје изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.11-187/3 од 20.03.2017 година донесена по Огласот за доделување договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.01-137/2016, за набавка на стоки – масла за моторни возила за РЕК Битола и РЕК Осломеј на договорниот орган АД Електрани на Македонија - Скопје, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.**

**2. Решението** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечно.**

## О б р а з л о ж е н и е

Економскиот оператор „3 СТ“ ДООЕЛ Скопје, изјавил жалба против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.11-187/3 од 20.03.2017 година донесена по Огласот за доделување договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.01-137/2016, за набавка на стоки – масла за моторни возила за РЕК Битола и РЕК Осломеј на договорниот орган АД Електрани на Македонија - Скопје, бидејќи смета дека договорниот орган не постапил согласно Законот за јавните набавки кога неговата понуда не ја зел предвид при евалуацијата на понудите, па предлага жалбата да се уважи и да донесе решение што ќе одговара на фактичката состојба.

Во писмениот одговор на жалбата бр.11-1955/1 од 02.04.2017 година, договорниот орган наведува дека жалбата е неоснована и смета дека жалителот тенденциозно изјавувал жалба на секоја постапка водена од АД „Електрани на Македонија“ Скопје.

Државната комисија за жалби по јавни набавки во текот на жалбената постапка ги изведе писмените докази и тоа: жалбата, писмениот одговор на жалбата доставен од страна на договорниот орган, одлуката за јавна набавка, Барање за добивање согласност од Советот за јавни набавки, Решението од Советот за јавни набавки, огласот објавен на ЕСЈН, огласот објавен во Службено гласило на ЕУ, тендерската документација, записникот од отворањето на понудите, понудите на понудувачите, Извештајот за текот на електронската аукција, извештајот од спроведена постапка, одлуката за избор на најповолна понуда, како и останатата документација приложена во предметот, при што врз основа на член 220 став (1) алинеја 4 од Законот за јавните набавки најде:

***Жалбата е дозволена, навремена и изјавена од овластен подносител.***

***Жалбата е неоснована.***

Од увидот во доставените списи на предметот и испитувајќи ги жалбените наводи, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја утврди следната фактичка состојба:

Договорниот орган АД Електрани на Македонија - Скопје, спровел постапка за јавна набавка со Отворена постапка бр.01-137/2016, за набавка на стоки – масла за моторни возила за РЕК Битола и РЕК Осломеј, за што претходно донел Одлука за јавна набавка бр.11-6785/1 од 27.10.2016 година, а постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки и во Службено гласило на Европската унија. Договорниот орган поднел барање за добивање согласност до Советот за јавни набавки за користење на барањата во техничките спецификации за поединечен дел за јавна набавка на стока по втор пат (член 36-а став 1) за што добил согласност со Решение бр.10-17030/10 од 01.12.2016 година. Предметот на набавката бил делив на 2 (два) дела, а постапката се спроведувала со користење на електронски средства и било предвидено да заврши со е-Аукција како последна фаза на постапката. Договорниот орган како критериум за избор определил - најниска цена, при што во тендерската документација од понудувачите било побарано да достават Изјава за независна понуда и Изјава за сериозност.

До крајниот рок за поднесување на понудите 22.12.2016 година во 12:00 часот пристигнале вкупно 6 (шест) понуди, за што бил изготвен Записник од отворањето на понудите бр.11-6785/4 од 22.12.2016 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган ги проверила економските оператори дали им е

издадена негативна референца на ЕСЈН, па потоа извршила проверка на комплетноста и валидноста на пристигнатите понуди и прифатливите понуди биле поканети на е-Аукција. Врз основа на електронски генерираниот извештај од спроведената е-Аукција која се одржала на 30.01.2017 година од 11:30:00 часот до 12:21:00 часот за дел 1 и за дел 2 од 12:30:00 до 13:00:00 часот, а врз основа на Извештајот од спроведена постапка бр.11-187/2 од 20.03.2017 година, Комисијата за јавни набавки на договорниот орган предложила како најповолна за дел 1 и 2 да се избере понудата на „АГРОИНДУСТРИЈА - АГИС" ДООЕЛ Скопје. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган, по што била донесена сега оспорената Одлука за избор на најповолна понуда бр.11-187/3 од 20.03.2017 година.

Незадоволен од донесената одлука за избор на најповолна понуда, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки изјави економскиот оператор „3 СТ" ДООЕЛ Скопје.

Постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, Државната комисија го утврди следното:

Жалителот во жалбата наведува дека останал незадоволен од донесената одлука за избор на најповолна понуда. Во тендерската документација во делот за способност на економските оператори под точка 2.5 било наведено дека техничка или професионална способност не се бара. Во Техничка спецификација, договорниот орган ги навела бараните производи, дал нивен опис и го определил бараното ниво на квалитет (спецификации) или еквивалентни. За лот 1 позиција 1 поставените спецификации од Меѓународни организации и асоцијации биле следните: - API CI-4/CH-4CG-4/CF/Sl и – ACEA E7/E5/E3/A3/B4. Сè друго што навел договорниот орган биле одобренија од производители со кои се фаворизирал одреден производител, односно Волво, Ман, Мерцедес, Рено и др. Бараните одобренија (approval) во техничката спецификација не претставувале стандарди за докажување на систем на квалитет, туку само препораки дека тие производи можеле да се користат од производителите на мотори и машини, со кое што се одобрува користење на одредени типови на масла во конкретни типови на мотори, машини или опрема на конкретниот производител, што исто така не значи дека се забранува користење на други масла кои што итгото го немаат, а ги исполнуваат барањата од техничката спецификација. Со барањата за издадени одобренија, договорниот орган врши фаворизирање на производи од определени производители, што не е во согласност со Законот за јавните набавки. Договорниот орган сторил повреда на член 2 од Законот за јавните набавки, со кој се обезбедува конкурентност меѓу економските оператори, како и еднаков

третман и недискриминација на истите. Повредата на овој член се однесува на бараните одобренија, кои не се стандарди за докажување на квалитетот, туку препораки, со кои се врши дискриминација и нееднаков третман на економските оператори. Со понудата доставено било едно одобрение и доставени биле производни сертификати (technical data sheets) кои докажувале дека понудените производи на жалителот ги исполнуваат потребните услови за нивото на квалитет, односно ги исполнуваат барањата на спецификациите од Меѓународни организации и асоцијации. Според член 36 став 1 од Законот зајавни набавки, договорниот орган не смее да дефинира технички спецификации кои упатуваат на конкретно производство, изведба, определен процес или трговски марки, патенти, видови или специфично потекло на стоки со цел фаворизирање на определени економски оператори или определени стоки. Договорниот орган не ја зел предвид понудата на жалителот при евалуацијата со што го повредил член 34 од Законот за јавните набавки: „(1) Во случаите од членот 33 став (2) алинеја 1 на овој закон, договорниот орган не смее да ја отфрли понудата ако стоките, услугите или работите не се во согласност со спецификациите на кои се однесува договорот, а понудувачот докаже дека понудата ги задоволува на соодветен начин барањата на договорниот орган. (2) Кога договорниот орган ги дефинира техничките спецификации со специфицирање на условите за извршување или функционални карактеристики, не смее да ја отфрли понудата доколку понудувачот докаже дека стоките, услугите или работите обезбедуваат исполнување на условите за извршување или функционални карактеристики, а се во согласност со: - македонски стандард кој е во согласност со европски стандард, - европско техничко одобрение (европски технички атест), - заедничка техничка спецификација што се користи во Европската унија, - меѓународен стандард или - други технички референтни системи воспоставени од страна на европски тела за стандардизација. (3) Соодветен начин за докажување на сообразноста со бараните технички спецификации може да биде техничката книга на производителот или извештајот за извршеното тестирање или калибрирање издаден од акредитирана лабораторија за тестирање или калибрирање, или акредитирано тело за сертификација на производи и услуги, или акредитирано инспекциско тело кои ја гарантираат примената нав општоприфатените стандарди.“. Жалителот наведува дека како производители за секој доставен сертификат можело да се види дека ги исполнува и задоволува барањата на техничките соецификации кои договорниот орган ги има наведено во Техничките спецификации. Согласно со член 155 став (1) од Законот за јавни набавки: „Кога се бара поднесување на сертификати издадени од независни институции со кои се потврдува дека економскиот оператор се придржува до одредени стандарди за гаранција на квалитет, договорниот орган ги посочува системите за квалитет врз релевантни европски или меѓународни стандарди.“.

Од приложените сертификати можело да се види дека производите кои ги нудел се од сопствено производство работени според меѓународни постапки и стандарди, а го дефинираат квалитетот на производите и ги исполнуваат наведените спецификации. Од сето горенаведено, јасно е дека договорниот орган, не постапил согласно Законот за јавните набавки со што понудата на жалителот ја отфрлил и затоа жалителот бара Државната комисија за жалби по јавни набавки да ја разгледа спроведената евалуација и Одлуката за избор на најповолен понудувач и врз основа на тоа, да донесе соодветно Решение, што ќе одговара на фактичката состојба.

Договорниот орган дава хронологија на постапката и наведува дека жалбата треба да се одбие како неоснована. Имено, договорниот орган укажува дека жалителот на 29.03.2017 година доставил жалба по донесената Одлука за избор на најповолна понуда со која како најповолен понудувач за дел 1 и дел 2 избран е понудувачот Агроиндустрија АГИС ДООЕЛ Скопје. Причина за поднесување на жалбата од страна на жалителот 3 СТ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје е тоа што неговата понуда била отфрлена за Дел 1- Моторни масла и Дел 2 - Масла за пренос. Причина за отфрлање на понудата за дел 1, договорниот орган истакнува дека била, тоа што жалителот не го исполнува условот од техничката спецификација да се достават одобренија од два производители на механизација за понудениот производ од позиција 1. Приложено било само едно одобрение од Cummins. На барањето на комисијата за јавни набавки во текот на евалуацијата да достави уште едно одобрение, жалителот не доставил, така што неговата понуда била отфрлена од понатамошната постапка на евалуација. Причина за отфрлање на понудата за дел 2 била тоа што жалителот не го исполнувал барањето од Техничка спецификација за позиција 1 и позиција 3 - да достави одобрение од еден производител на механизација/опрема за понудените производи. Немал приложено одобрение за производите од двете позиции, а не доставил ниту на дополнително барање на комисијата за јавни набавки во текот на евалуацијата, така што неговата понуда била отфрлена од понатамошната постапка на евалуација. Во техничката спецификација од економските оператори се барале следните документи за стоката која се нуди: Технички податоци од каталог на производителот за сите понудени производи, За дел 1: позиција 1 и позиција 6 - одобренија од два производители на механизација од наведените (во спецификацијата) или еквивалентни, За дел 2: позиција 1 и позиција 3. - одобрение од еден производител на механизација/опрема од наведените (во спецификацијата) или еквивалентни. Жалителот нудел производи кои се од сопствено производство и преку ЕСЈН доставил листови со технички податоци за секој понуден производ. За дел 1, за понудениот производ од позиција 1, жалителот имал доставено одобрение само од еден производител на механизација Cummins, со кое го докажува

исполнувањето на спецификацијата CES 20078, а за понудениот производ одпозиција 6 имал доставено одобрение од Volvo, кое се однесува за исполнување на 3 (три) спецификации: Volvo VDS – 3, MACK EO-N и Renault VI RLD. За дел 2, за понудениот производ од позиција 1 и позиција 3, немал доставено одобрение од ниту еден производител на механизација/опрема. Според горенаведеното, понудата на жалителот за дел 1 и 2 не ги исполнува условите и барањата во техничката спецификација по однос на бараната документација за стоката која се нуди и истата е отфрлена како неприфатлива. Жалителот во жалбениот навод за лот 1 позиција 1 ги раздвојува поставените спецификации (кои го дефинираат нивото на квалитет), на спецификации поставени од меѓународните организации и асоцијации и на: „се друго што договорниот орган го наведува како спецификација за позиција 1 од лот 1, се одобренија од производители со кои се фаворизира одреден производител. Во овој случај тоа се Волво, Ман, Мрцедес, Рено и др“. Овој жалбен навод е неоснован смета договорниот орган. Прво, тоа „се друго“ не се одобренија, туку спецификации на масла на производители на механизација. Впрочем, нивото на квалитет на производот што го нуди за поз. 1, Miltech Ecoplus Extra 15w40, во техничкиот лист е дефинирано на потполно ист начин како што тоа е направено во техничката спецификација на договорниот орган. Во техничкиот лист пишувало: Спецификации Miltech Ecoplus Extra 15w40 ги задоволува барањата на следните спецификации и наредени биле сите спецификации и оние поставени од меѓународни организации и асоцијации (кои се само три од неведените: SAE, API и ACEA) и оние од производители на механизација (кои се сите останати). Значи, жалителот во жалбата го оспорува начинот на дефинирањето на нивото на квалитет од страна на договорниот орган, што всушност самиот го потврдува во своите технички листови. Понатаму во жалбените наводи било наведено дека бараните одобренија (approvals) во техничката спецификација не претставувале стандарди за докажување на систем на квалитет. Договорниот орган наведува дека ниту во техничката спецификација, ниту во тендерската документација барал стандарди за системи на квалитет. Тоа било наведено во тендерската документација на страна 1 Содржина, точка 2.6. Приложените технички листови не се ни сертификати, издадени од независни институции со кои се потврдува дека економскиот оператор се придржува до одредени стандарди за системи на квалитет, како што жалителот ги наведува во жалбата, ниту претставуваат доказ за исполнување на спецификации на производители на механизација. Договорниот орган смета дека целокупната постапка е водена согласно Законот за јавните набавки, а жалбата на жалителот е неоснована и тенденциозна со цел опструирање на тендерската постапка.

Државната комисија постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 211 од Законот за јавните набавки, а врз основа на доказите приложени во предметот од спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, утврди дека жалбата на економскиот оператор „3 СТ“ ДОО Скопје е неоснована.

Државната комисија за жалби по јавни набавки не го прифати жалбениот навод според кој договорниот орган постапил спротивно на Законот за јавните набавки кога понудата на жалителот за предметната постапка за јавна набавка, ја сметал за неприфатлива. Имено, Државната комисија за жалби по јавни врз основа на доставената понуда и целокупната документација со која располага за конкретната постапка утврди дека жалителот доставил листови со технички податоци за секој понуден производ. За дел 1, за понудениот производ од позиција 1, жалителот имал доставено одобрение само од еден производител на механизација Cummins, со кое го докажува исполнувањето на спецификацијата CES 20078, а за понудениот производ одпозиција 6 имал доставено одобрение од Volvo, кое се однесува за исполнување на 3 (три) спецификации: Volvo VDS – 3, MACK EO-N и Renault VI RLD. За дел 2, за понудениот производ од позиција 1 и позиција 3, немал доставено одобрение од ниту еден производител на механизација/опрема. Според горенаведеното, произлегува дека понудата на жалителот за дел 1 и 2 не ги исполнува условите и барањата во техничката спецификација по однос на бараната документација за стоката која се нуди и истата со право од страна на комисијата за јавни набавки била отфрлена како неприфатлива.

Согласно член 2 од Законот за јавните набавки е утврдено: „Со овој закон особено се обезбедува: -конкуренција меѓу економските оператори, -еднаков третман и недискриминација на економските оператори, -транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и -рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.“.

Во член 3 точка 11 од Законот за јавните набавки е утврдено дека: „Тендерска документација“ е збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на пријавата за учество, односно понудата“, во точка 24 е наведено: „Прифатлива понуда“ е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите“.

Во член 32 став 1 од Законот за јавните набавки е наведено: (1) „Договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Согласно член 140, став (3), став (7) и став (8) од Законот за јавните набавки: „(3) Комисијата задолжително бара од понудувачите да ги појаснат или дополнат документите за утврдување способност во рокот од ставот (2) на овој член. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со користење на бараните појаснувања или дополнувања. (7) Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. (8) Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација и објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка.“.

Со оглед на фактот што жалителот не успеал во жалбената постапка, трошоците на постапката за правна заштита нема да му бидат вратени, согласно со член 228 став (2) од Законот за јавните набавки.

Од причини погоре изложени, се донесе Решение како во диспозитивот.

**<u>Упатство за правно средство</u>:** Согласно член 230 од Законот за јавните набавки и член 20 од Законот за управните спорови, против ова решение незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 од денот на приемот на решението.

Бр.08-187/7
12.04.2017 год.
С к о п ј е

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Томо Томовски**

Доставено до:
- Архива,
- АД Електрани на Македонија ул.„11 Октомври“ бр. 9 Скопје
- „3 СТ“ ДООЕЛ Скопје ул.„21“ бр.8 н. Илинден Скопје